ASD-EAST
Autism Spectrum Disorder
Empowering And Supporting Teachers

# ПРЕПОРАКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ПОДДРШКАТА НА СПЕЦИЈАЛИСТИТЕ КОИ РАБОТАТ ВО ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕ НА ДЕЦАТА СО АУТИЗАМ ВО ЕВРОПА

Co-funded by the Erasmus+ Programme of the European Union

University of Northampton
University of Zagreb Faculty of Education and Rehabilitation Sciences
TARGET AUTISM
Autism Europe

www.asd-east.org
info@asd-east.org
@ASD.East.project
@ASD_East

## КОНТИНУИРАНА ПОТРЕБА ОД ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КОМПЕТЕНЦИИТЕ НА СТРУЧНИТЕ ЛИЦА ЗА ПОДДРШКА ВО ПРОЦЕСОТ НА ОБРАЗОВАНИЕ НА УЧЕНИЦИТЕ СО АУТИЗАМ ВО ЕВРОПА

Аутизмот е доживотна состојба која влијае на приближно 1% од населението[1]. Состојбата влијае на сите аспекти на искуството на поединецот, вклучително и на образованието[2]. Децата и младите со аутизам, имаат еднакви потреби за соодветно образование, исто како и нивните врсници со невротипичен развој. Сепак, тие имаат специфични и посебни потреби во однос на карактеристичните потешкотии кои произлегуваат од аутизмот поврзани со комуникацијата, социјалното разбирање, флексибилноста и сензорната обработка. Соодветниот пристап до ефикасно образование е од големо значење за учениците со аутизам.

Поради различните карактеристики на лицата кои се во спектарот на аутизам, ниту една едукативна интервенција, сама по себе, не е доволно ефикасна за сите, што значи дека на наставниците им се потребни низа вештини и стратегии[3]. Сепак, многу наставници немаат пристап до соодветна обука[4]. Обезбедувањето на образованието за децата со аутизам не е еднакво застапено право, и покрај тоа што има примери на установи со добри практики, сепак постојат предизвици во однос на вештините, знаењето и стручноста на стручните лица кои работат со деца со аутизам во посебни и редовни услови на образование[5].

Врз основа на претходно изнесените факти, партнерството од проектот „Нарушувања од спектарот на аутизам - Јакнење и поддршка на наставниците“ (ASD-EAST), предводено од Универзитетот во Нортхемптон, за главни цели ги има: зајакнување на капацитетите на специјалните едукатори и рехабилитатори во Хрватска, Полска и Р.С. Македонија за поддршка на ефикасна инклузија на децата со аутизам во образованието, стекнување на соодветни знаења и вештини од страна на наставниците, ефикасни стратегии и развој на локално соодветна обука. Резултатите од истражувањето спроведено на специјалните едукатори и рехабилитатори од трите земји, во рамките на овој проект , идентификуваше ниско ниво на претходна обученост и самодоверба во однос на многу често користените едукативни методи во работата со аутизмот, при што, голем број специјални едукатори и рехабилитатори, особено во редовните училишта, имаат стереотипни ставови за аутизмот. Од 294 испитаници кои одговориле на истражувањето, 90% сметаат дека ќе имаат корист од обука, особено во однос на практични стратегии.

Идентификуваните потреби за обука припаѓаат на областите :

- Справување со предизвикувачкото однесување;
- Адаптации на материјалот и училишната средина;
- Насоки за креирање на инклузивна средина за децатата и младите со аутизам.

ASD-EAST пилот тренингот се обиде да ги надополни овие недостатоци, при што, специјалните едукатори и рехабилитатори кои го посетија тренингот покажаа висок степен на задоволство од истиот.

✓ Повеќе од 93% од 259 наставници изјавиле дека со посета на обуката се стекнале со знаење за методи и стратегии кои можеле да ги користат веднаш,

✓ а скоро 92% изјавиле дека ќе ја препорачаат обуката на колегите.

Оваа повратна информација потврдува колку е важно во едукацијата да се вклучат и стекнување на практични вештини за работа со децата и младите со аутизам.

[1] Baird et al, 2006 [2] Dawson et al, 2008 [3] Iovannone et al, 2003
[4] Morrier et al, 2011 [5] Charman et al, 2011; Daly & Ring, 2016; Jones et al, 2008; Sekušak-Galešev et al, 2015

## ЗАКОНСКА ОБВРСКА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПРИСТАП ДО ОБРАЗОВАНИЕ

На меѓународно ниво, со Изјавата од Саламанка и Рамката за акција[6] се утврди идејата за инклузивно образование, со која се бара да бидат дизајнирани програми за едукација соодветни на уникатните карактеристики и различните потреби на сите ученици. Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост[7] содржи одредби во врска со образованието кои даваат насоки за тоа како да се постигне инклузивно образование кое ќе ги задоволува потребите на сите ученици. Сите земји членки на ЕУ, како и самата ЕУ, го ратификуваа овој документ. Конвенцијата во „член 24: Образование“ ја наведува важноста на едукацијата на специјализираните наставници и што треба таа подетално да содржи;

> **“[…]Таквата обука опфаќа свесност за попреченоста и употреба на соодветни аугментативни и алтернативни модели, средства и форми на комуникација, образовни техники и материјали за поддршка на лицата со попреченост.”**

Покрај тоа, Глобалните целите на ООН за одржлив развој (2015-2030), во делот „Цел 4. Квалитетно образование“ ја нагласува потребата „да се обезбеди инклузивно, правично, квалитетно образование и да се промовираат можности за доживотно учење за сите“. Ова може да се постигне само кога наставниците и специјалните едукатори и рехабилитатори се соодветно обучени за да се справат со специфичностите на попреченоста, како што се специфичните потреби на учениците со аутизам.

На ниво на ЕУ, во „Поглавјето I: еднакви можности и пристап до пазарот на трудот“ на Европскиот столб на социјални права, се истакнува дека „секој има право на квалитетно и инклузивно образование, обука и доживотно учење со цел одржување и стекнување на вештини кои овозможуваат целосно учество во општеството и справување со успешни транзиции на пазарот на трудот “.

ASD-EAST проектот се создаде за да се справи со недостатокот на соодветна обука на специјализираните наставници, во Хрватска, Полска и Р. С. Македонија, во контекстот во кој се развиваат политиките за образование во регионот, во последните години.

Проектот ја поддржуваше имплементацијата на националната политика за образование во рамките на овие земји, како што се:

- Хрватска национална стратегија за образование, наука и технологија (2014)
- Закон за основно образовние на Р.С. Македонија (2019)
- Декрет за условите за организирање на образование, воспитание и грижа за деца со посебни потреби од Полска (2017).

Покрај тоа, таа се осврнува и на паневропската политика и целите како што се: „Оспособување на наставниците за промоција на инклузивно образование“[8] , „Инклузивно образование за учениците со посебни потреби“[9] и „Паметен, одржлив и инклузивен раст што ќе придонесе за целите на Европа 2020“[10].



[6] УНЕСКО, 1994 [7] UNCRPD, 2007 [8] Европската агенција за посебни потреби и инклузивно образование, 2015 година [9] Европски парламент, 2017 година [10] Водич на програмата Еразмус +, 2019

## ГЛАВНИ ПРЕПОРАКИ

1. **Обезбедете соодветна примарна обука, континуиран професионален развој и поддршка на сите стручни лица**
2. **Соодветното разбирање на аутизмот и индивидуализацијата на наставата треба да бидат во средиште на едукацијата на стручните лица.**
3. **Имајте сеопфатен пристап и ефикасно работете со семејствата**

ASD-EAST силно им препорачува на земјите членки на ЕУ да обезбедат развој на ефикасна специјализирана обука на стручните лица за да излезат во пресрет на потребите за поддршка на учениците со аутизам низ цела Европа, во согласност со резултатите на проектот.

Специјализираната обука на наставниците е соодветен начин на влијание за подобрување на резултатите на учениците, како и за подобрување на нивниот квалитет на живот и инклузија во општеството. Затоа, јавните власти и другите релевантни заинтересирани страни треба да обезбедат соодветни ресурси и финансии посветени на ова прашање, затоа што инвестирањето во образованието има значајно влијание врз резултатите кои ги постигнуваат учениците со аутизам, ќе го намали предвременото напуштање на училиштата и ќе ги подобри нивните можности за вработување.

### 1. Обезбедете соодветна примарна обука, континуиран професионален развој и поддршка на сите стручни лица

ASD-EAST препорачува развој на соодветна почетна и напредна обука, која вклучува практично искуство, како и пристап до современи истражувања и најдобрите практики на образовни стратегии.

„Особено ми се допадна што обучувачите ги разработуваа темите со споделување на практични примери и лични искуства при работа со деца со АСН.“
(Специјален едукатор и рехабилитатор, Р.С. Македонија).

„Ми се допадна содржината и организацијата на работилницата, со голема доза практични совети и широк спектар на препорачана литература“.
(Наставник од редовно училиште, Полска).

Треба да се стави акцент на ажурирање на стручното знаење и освежување на практиката во однос на искуството на наставниците за подобрување на нивната компетентност и доверба. Обуката за аутизам треба да се обезбеди постојано и во континуитет, така што сите наставници ќе бидат оспособени да работат со учениците од спектарот.

**„Сесиите за предизвикувачко однесување и социјални приказни беа најкорисни за мене. Научив нови работи иако имам долгогодишно искуство. Имаше добра рамнотежа помеѓу теоријата и практиката. Би било супер доколку би можело некои теми да бидат опфатени подлабоко“.**
(Специјален едукатор и рехабилитатор во одделение за аутизам, Хрватска)

**„Откако ме потсетија за корисни стратегии што ги имав заборавено, се чувствувам посигурно кога работам со деца со АСН“.**
(Специјален едукатор, Полска)

За да се развие заедница на практики, споделување на знаење преку локалните наставници и училишните мрежи, како и регионалните образовни мрежи, ASD-EAST препорачува:

- Создавање мрежи за амбасадори за аутизам за промовирање на континуирано подобрување, следење на квалитетот, насочено кон развој на добра практика во училиштата и нудење на заедничка поддршка
- Развој на менторски шеми, особено за поддршка на помалку искусните наставници.

## 2. Соодветното разбирање на аутизмот и индивидуализацијата на наставата треба да бидат во средиште на едукацијата на стручните лица

ASD-EAST откри дека е неопходно да им се овозможи на наставниците да го разберат размислувањето на лицата/децата со аутизам и нивното учење во однос на спектарот на способност и пол.

ASD-EAST препорачува да се стави акцент на пристапот во тоа што „разбирањето доаѓа пред методите“. Давањето акцент на индивидуализацијата е клучно за да се исполнат специфичните потреби на секој ученик со аутизам.

**„Секое дете е индивидуа специфична за себе и на посебен начин. За да бидам успешна во мојата работа, морам да го откривам индивидуалниот потенцијал што секое дете може да го понуди, да го пронајдам неговиот начин на учење. Треба да бидете внимателни при набљудување, прилично трпеливи, флексибилни, креативни и добро информирани “.**
(Специјален едукатор и рехабилитатор, Р.С. Македонија).

ASD-EAST препорачува користење на практични и научно засновани стратегии за реализација на програмата и социјалната инклузија. Наставниците треба да бидат обучени со низа на соодветни стратегии за да можат да излезат во пресрет на различните потреби на учениците, бидејќи не постои еден метод за учење кој е соодветен за сите.

„Од стратегиите што ни беа прикажани, започнав да користам препознавање на емоции и драматизација, вклучување на врсници, играње улоги“. (Специјален едукатор и рехабилитатор од редовно училиште, Р С Македонија).

„Применував принципи на саморегулација со еден од учениците во моето училиште. Работев со него индивидуално и кога се врати во училницата тој беше во можност да го регулира сопственото однесување. “(Специјален едукатор и рехабилитатор од редовно училиштеод Хрватска)

„Материјалите ќе ми дадат поддршка во примена на стратегиите и нивно адаптирање на индивидуалните потреби“. (Специјален едукатор, Полска)

## 3. Имајте сеопфатен пристап и ефикасно работете со семејствата

ASD-EAST проектот препорачува дека е потребно, покрај зајакнување на компетенциите на наставниците, да се подобрат знаењата за аутизам и кај останатите вработени. Сите вработени кои доаѓаат во контакт со децата во текот на денот (возачи на автобуси, кујна, технички персонал) кои работат во образование, здравствена и социјална заштита, а и родителите (ESIPP, 2018) исто така, треба да бидат соодветно обучени за поддршка на социјалната инклузија на лицата со аутизам.

Обезбедувањето соодветна соработка и комуникација помеѓу родителите и професионалците е клучно за решавање на сите проблеми што можат да се појават, а исто така, овозможува и соодветно учеството на родителите во образовниот процес. Освен тоа, особено важно е да се поттикне успешна комуникација помеѓу различните оддели и професионалци, со постојано информирање на родителите.

**„Најважна е соработката со родителите и меѓусебната соработката на наставниците.”**
(Наставник од редовно училиште од Полска)

**„Се чувствувам поспособна за да работам на социо-емоционалните вештини на учениците и да соработувам подобро со родителите - иако би можеле да добиеме и поголема поддршка за овој проблем. Секојдневно во мојата работа користам практични вештини за регулација на емоциите.“** (Наставник од редовно училиште, Хрватска)

ASD-EAST проектот, како резултат на својата работа, истакнува дека почитувањето на клучните препораки ќе им овозможи на наставниците ширум Европа, соодветно задоволување на потребите на своите ученици и исполнување на законските обврски на сите земји членки на Европската Унија, во однос на задоволување на правата на лицата со попреченост.

## РЕФЕРЕНЦИ

Baird, G., Simonoff, E., Pickles, A., Chandler, S., Loucas, T., Meldrum, D & Charman, T. (2006) Prevalence of disorders of the autistic spectrum in a population cohort of children in South Thames: the Special Needs and Autism Project (SNAP), *Lancet*, **368**, 210-215.

Charman, T et al. (2011) AET Report: What is Good Practice in Autism Education? Centre for Research in Autism and Education (CRAE), Department of Psychology and Human Development, Institute of Education, University of London.

Council of Europe, European Social Charter (Revised), 3 May 1996, ETS 163

Daly, P. & Ring, E. (2016) *An evaluation of education provision for students with Autism Spectrum Disorder in Ireland – Research Report No. 21.* Trim: National Council for Special Education.

Dawson, M., Mottron, L. & Gernsbacher, M.A. (2008) in J. Byrne (Ed.) *Learning and Memory: a comprehensive reference*. Pages 759-772. Oxford: Elsevier.

ESIPP (2018), *Improving quality of life of people on the autism spectrum and their families through parent education: Policy Recommendations.* Available at: http://esipp.eu/wp-content/uploads/2018/05/ESIPP_Policy-Recommendations_EN.pdf (Accessed: 20.03.2020).

Iovannone, R., Dunlap, G., Huber, H. & Kinkaid, D. (2003) Effective educational practices for students with Autism Spectrum Disorders. *Focus on Autism and Other Developmental Disorders*, **18(3)**, 150-165.

Jones, G., English, A., Guldberg, K., Jordan, R., Richardson, P. &Waltz, M. (2009). *Educational provision for children and young people on the autism spectrum living in England: a review of current practice, issues and challenges*. London: Autism Education Trust.

Morrier, M.J., Hess, K.L. & Heflin, L.J. (2011) Teacher training for implementation of teaching strategies for students with Autism Spectrum Disorders. *Teacher Education and Special Education: The Journal of the Teacher Education Division of the Council for Exceptional Children*, **34(2),** 119-132.

Sekušak-Galešev, S., Frey Škrinjar, J., & Masnjak, L. (2015) *Examining social inclusion and quality of support in preschool, elementary and secondary educational institutions for children and students with Autism Spectrum Disorder (ASD) and Attention Deficit Hyperactivity Disorder (ADHD).* Zagreb: Faculty of Education and Rehabilitation Sciences University of Zagreb.

UN General Assembly, Convention on the Rights of Persons with Disabilities: resolution / adopted by the General Assembly, 24 January 2007, A/RES/61/106,

UN General Assembly, Transforming our world: the 2030 Agenda for Sustainable Development, 21 October 2015, A/RES/70/1,

## ОДРЕКУВАЊЕ ОД ОДГОВОРНОСТ

Поддршката на Европската комисија за изготвување на овој документ не претставува одобрување на содржината, која ги претставува гледиштата само на авторите, и Комисијата не може да биде одговорна за каква било употреба на информациите кои се содржани во него.